**ПАРТНЕРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ**

Прва детска амбасада во светот МЕЃАШИ

Центар за семејно и детско згрижување – КМОП Скопје

Проектот е поддржан од општините Виница, Дебар, Гостивар, Велес и Кисела Вода и Заедницата на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС).

## САКАТЕ ДА ДОЗНАЕТЕ ПОВЕЌЕ?

www.placetogrow.mk

Проектот е финансиран од Европската Унија

Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на партнерските организации и не нужно ги одразува ставовите на Европската Унија

Место за растење: Општини посветени на децата

# МЕСТО ЗА РАСТЕЊЕ: ОПШТИНИ ПОСВЕТЕНИ НА ДЕЦАТА

Проектот е финансиран од Европската Унија

## ЗА ПРОЕКТОТ

МЕСТО ЗА РАСТЕЊЕ е иницијатива финансиски поддржана од ЕУ, која има за цел да ги зајакне напорите на локалните власти за унапредување на правата на децата и нивното учеството во локалното планирање.

Проектот ќе се спроведува 30 месеци и во тој период ќе ги поддржи општините Виница, Дебар, Гостивар, Велес и Кисела Вода во развивање и операционализација на клучни стратешки документи за унапредување на правата на децата врз основа на специфичните потреби, перспективи и очекувања на децата и ќе им обезбеди ефективни алатки за следење на нивната имплементација.



## Проектот има за цел:

- зајакнување на капацитетите на претставниците на локалните самоуправи за правата на децата, детското учество и сеопфатното локално планирање за децата
- зајакнување на знаењата и вештините на воспитно-образовниот персонал од градинките и училиштата во планирањето и спроведувањето консултации со децата за прашања од локално значење
- поддршка на локалните самоуправи во развојот и операционализацијата на локални стратегии за правата на децата преку партиципативни процеси, засновани на најдобрите практики во ЕУ
- воведување алатки за ефективно следење на правата на децата на локално ниво
- подигање на свеста за правата на децата и важноста на локалното планирање за унапредување на состојбата со детските права

## Целните групи вклучуваат:

- Претставници на локалната самоуправа
- Воспитно-образовен кадар и раководители на институции за ран детски развој и грижа, основни и средни училишта
- Деца на возраст од 3-18 години
- Други локални чинители

## Главни активности:

1. Градење на капацитетите на претставниците на локалните власти, ЗЕЛС и воспитно-образовниот кадар.

2. Развој на локални стратегии за правата на децата преку партиципативен процес.

3. Дизајнирање на дигитална платформа за следење на правата на детето, како виртуелен простор за следење на имплементацијата на локалните стратегии.

4. Кампања за подигање на свеста со цел да се обезбеди максимално влијание на проектните активности.